# ЦЕМЕНТАРНИЦА "УСЈЕ" АД - СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА 2009 ГОДИНА



Скопје, Април 2010

## СОДРЖИНА

1. Општо
2. Продажба
3. Производство
4. Главни капитални вложувања
5. Животна средина
6. Здравје и Безбедност
7. Корпоративна општествена одговорност
8. Финансиски резултати
9. Останати обелоденувања

## 1. ОПШТО

Цементарница "Усје" А.Д. - Скопје ("Друштвото” или “Усје") е основана во Република Македонија со седиште на ул. Првомајска бб, Скопје.

Главна дејност на Друштвото е производство и трговија со цемент, пакуван цемент, готов бетон, клинкер и други слични производи.

## 2. ПРОДАЖБА

**ЦЕМЕНТ:**

Продажбата на домашен пазар во 2009 година падна на 530.000 тони, неверојатни 13,5% помалку од онаа во минатата година. Причината лежеше во големиот пораст на увозот на Албански и Турски цемент, кој според информациите добиени од пазарот беше за 50% повисок од 2008 година, како и намалувањето на вкупниот градежен пазар поради ефектот на финансиската криза.

Извозот во Косово во 2009 достигна приближно 330.000 тони следејќи го пазарниот тренд во таа земја, додека извозот во Албанија во 2009 достигна околу 50.000 тони односно за 19% беше понизок во однос на 2008 година.

**КЛИНКЕР:**

Извозот на клинкер беше многу погоден од финансиската криза и колапсот на Бугарскиот пазар. Така, само 5.600 тони клинкер беа извезени во 2009, што претставува голем пад од -94% во однос на минатата година.

**БЕЛ ЦЕМЕНТ:**

Како резултат на големиот увоз на цемент, продажбата на домашен пазар беше намалена за 7% во однос на 2008 година.

Од истите причини, во Косово продажбата на бел цемент опадна за 28.5% во однос на 2008. Вкупната продажба на бел цемент од Усје опадна за 14% во однос на минатата година.

**УСЈЕПОР:**

Неповолните пазарни услови во изминатите две години и постигнатите негативни резултати, на крајот доведоа до затворање на погонот во јули 2009.

**ГОТОВ БЕТОН:**

Ефектите од глобалната економска криза, воглавно се осетија во втората половина од годината, и заедно со индиректните ефекти од зголемениот увоз на цемент, резултираа со намалено производство за 30% во однос на 2008 година.

# 3. ПРОИЗВОДСТВО

Како резултат на светската економска криза и намалената побарувачка за клинкер, печка бр. 3 работеше само 68 дена. Печка бр.4 работеше 272 дена, односно 9 месеци. Вкупно за двете печки 251 ден имаше стратегиски застој, т.е. немаше потреба од произведување.



Просечното учество на клинкер во цементот изнесуваше 69,95% што е помалку од нивото од 2008 година кога изнесуваше 72,0%.

| Производ | Ед.мера | 2009 | 2008 | Варијанса % |
|---|---|---|---|---|
| Клинкер | тони | 478.403 | 843.765 | -43,3 |
| Цемент | тони | 909.105 | 912.546 | -0,4% |
| Усјепор | $m^3$ | 4.099 | 22.114 | -81,5 |
| РМЦ | $m^3$ | 39.736 | 56.568 | -29,8 |
| Крајна залиха на Клинкер | тони | 24.420 | 174.289 | -86,0 |

Поради последиците на економската криза во средината на 2009 Усје престана со производство на Усјепор.

На 3 и 4 март 2010 година од страна на ЕЛОТ беше извршена Ревизија за преоценување на Системот за управување со квалитетот ИСО 9001: 2008 и Инспекција на Производите (ЕЦ ознака).

## 4. ГЛАВНИ КАПИТАЛНИ ВЛОЖУВАЊА ВО 2009

Земајќи ја во предвид глобалната економска криза, во измината 2009 година, од аспект на CAPEX проектите, одобрени беа само оние проекти со највисок приоритет и важност . Оттаму, само 2.86 милиони евра се потрошени на следните главни проекти:

1. Нова пешачка платформа на новата кранска галерија заради подобрување на безбедноста на одредени ризични точки од погонот.
2. Модификација на ДОПОЛ системот заради овозможување поефикасна работа на ротирната печка бр. 4. Опремата за овој проект веќе беше претходно набавена и проектот се комплетираше со дополнителни трошоци само за монтажа на истата.
3. Модернизација на трафо станица бр. 2 заради стариот дизајн на опремата инсталиран во истата. Проектот беше стартуван во 2008 година, а новата опрема веќе беше договорена и испорачана. Заради опасноста од состојбата и проблемите што може да ги предизвика старата опрема, одлучено е проектот да се комплетира оваа година.
4. Нова вага за утовар на рефус цемент во Пакерај бр. 3 беше конструирана и инсталирана за да се овозможи потребната флексбилност во испораката на рефус цемент во корелација со новите конкурентни потреби на пазарот за цемент.
5. Подобрување на системот за отпрашување во погоните од мелниците за цемент, односно подобрување на сосотојбата со фугитивната прашина од помошната опрема на мелниците за цемент бр. 5 и бр. 6.



## 5. ГРИЖА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Добивање на ИСКЗ** (Дозвола за интегрирано спречување и контрола на загадувањето)

Дополнетата апликација на Усје е објавена и е достапна на јавноста од Декември 2009, а преговорите се очекуваат да започнат во 2010 година.

**Зелен Појас**

Во рамки на проектот „Зелен појас" вработените во Усје со нивните фамилии во волонтерска акција посадија 1.314 садници на западните падини од рудникот за лапорец.

Со т.н. hydro seeding постапка за прв пат во земјата, во рудникот за лапорец започна рекултивирање на крајните деловите од рудникот. Оваа постапка во првата етапа опфати зазеленување со трева и ниски растенија на површина од 5000 $м^2$.

Во соработка со расадникот ,,РАСТ,, направено е хортикултурно уредување на дворовите од осум основни училишта и една градинка во општина Кисела Вода.

**Редукција на фугитивна емисија:**

- Пуштена е во работа нова машина "Super sacker" за собирање на прашина и истурени материјали од улиците и работните површини во фабриката. Набавката е во износ од 340.000 евра.
- Значително се намалени количините на суровини, полупроизвод и гориво на отворените складишта.
- Редовно се прскаат пристапните патишта со вода и средства за супресија на прашина.
- Се направи надградба и инсталација на нови филтри во млинови за цемент (бр. 5 и 6).

**Рециклирање на употребени вреќи за цемент**

Отпадната хартија од искористени вреќи за цемент сепарирано се собира и се предава на овластена фирма за рециклирање на хартија. Во тековната година се рециклирани вкупно 138.000 скинати вреќи за цемент или повеќе од 20 тони хартија. Преземањето на отпадната хартија е направено во согласност со договорот склучен со компанијата КОМУНА АД Скопје и законските барања во врска со одржливо управување на отпад.

**Јаглероден отисок**

Понатамошно намалување беше постигнато со смалување на односот клинкер - цемент и подобрување на оперативната ефикасност во фабриката главно преку модификации во предгреач на печка бр. 4.




Во текот на 2009 година беше направена ресертификација на Системот за управување со животна средина EN ISO 14001:2004, кој се однесува на следните активности: ископување на варовник и лапорец, производство на клинкер, цемент, готов бетон и малтери.

## 6. ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

2009-та беше година на важни достигнувања за Усје кога се работи за Здравјето и Безбедноста при работа. За прв пат во историјата на Фабриката помина повеќе од една година (поточно 369 денови) без ниту една повреда на вработен на работното место. Ова големо достигнување беше признаено и наградено од страна на Друштвото. Иако повеќе од една година помина без повреда, сепак 2009-та не беше година без повреди. Имаше само еден мал безбедносен инцидент кој резултираше со повреда на директен вработен и времена неспособност за работа поголема од три работни дена.

Проектот помеѓу Титан - Ј угоисточна Европа и ДуПонт за значително подобрување на Здравјето и Безбедноста при работа кој започна во 2008-ма година, успешно продолжи и во 2009-та година. Голем број на вработени беа вклучени во најразлични обуки со цел да се подигне на повисоко ниво знаењето на вработените во областа на безбедноста при работа и да се постигне поголема инволвираност на вработените во самите активности за подобрување на безбедноста при работа. Како резултат на тоа, четири различни под-одбори беа оформени со цел покривање на најразлични проблематики од спектарот на Здравјето и Безбедноста при работа.

Нова платформа беше направена во новата кранска хала со цел да се подобри безбедноста на високо ризично место во Фабриката и да се намалат безбедносните ризици поврзани со опремата во Фабриката. Вкупно 210.000 евра беа потрошени во 2009-та како поголем дел од проектот вреден 300,000 евра.

Работите околу Системот за Управување со Безбедност и Здравје при работа (ОХСАС 18001) продолжија во 2009-та година и се очекува сертификација во 2010-та година.

Како дел од програмата за подигање на свеста кај вработените беа организирани најразлични предавања и обуки на теми од областа на безбедноста и здравјето при работа кои ги вклучуваат сите вработени.

Праксата на организирање на годишни лекарски прегледи за сите вработени продолжи и во 2009-та. Со цел да им се помогне на вработените со нивните постоечки здравствени проблеми, и имајќи ја во предвид старосна структура на вработените во Фабриката, одреден број на вработени (67 на број) беа пратени во 5 различни бањски лекувалишта низ земјата со речиси целосно покриени трошоци од страна на Фабриката.

## 7. КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Почитувањето на луѓето и заедницата, како и грижата за човековата околина се вткаени во голема мерка во културата на нашето Друштво, како дел од групацијата Титан.

- **Соработка со Општината Кисела Вода:** Во 2009 година односите и соработката помеѓу УСЈЕ и Општината Кисела Вода значително се подобрија. Заеднички беа реализирани неколку проекти како заедничка прес-конференција за презентација на емисиите на Веб страницата, кампањата “Ден на Дрвото - Засади ја својата иднина”, а низ повеќе средби со Градоначалникот на Кисела Вода договорени се и низа заеднички активности за 2010 година.
- **WEB страница** www.usje.com.mk – Усје официјално ја промовираше својата Web страница на 17 Септември 2009 година. На Web страницата комплетно е отсликана фабриката, со основните свои функции, работење и останати содржини. На Web страницата транспарентно се презентирани резултатите од мерењата на излезните гасови од оџаците на печките, кои се регистрираат со независен 24-часовен мониторинг систем.
- **Обука на вработени:** обуката на вработените беше организирана и спроверена во најголем дел во рамките на фабриката или локално од домашни тренинг куќи. Вкупниот број на часови за обука изнесува 6.139. Индексот на часови на обука по вработен изнесува 14,4.

- **Кампања Ден на Дрвото - Засади ја својата иднина** - Усје веќе две години активно учествува  во кампањата "Ден на Дрвото - Засади ја својата иднина" со масовна бројност на вработените и раководството на Друштвото.
- **Хортикултурно уредување на училиштата во Општина Кисела Вода** - водена од посветеноста кон зачувување на животната средина, Усје продолжи со активностите за садење дрвца во основните училишта од општината, кои се одгледувани во расадникот на Усје.
- **Заедно за Природата - Зелен Ден**, беше организиран со цел пошумување на искористениот дел на рудникот за лапор Усје. Друштвото ги обезбеди дрвцата и садниците, а вработените заедно со своите семејства дојдоа во голем број и учествуваа во акцијата.
- **Партнерство со Центарот за образование и рехабилитација на деца со оштетен слух** - Усје учествуваше во помагање на Балканскиот едукативен и спортски камп за деца со оштетен слух.
- **Годишна програма за стипендии 2009/2010** - Усје додели една стипендија за МБА студии на АЛБА Универзитетот во Атина, и тоа со комплетно покривање на студиите и доделување на месечен износ за животни трошоци. Во рамките на годишната програма за стипендии од оваа учебна година се отвори нова програма и беа доделени три стипендии за МБА студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со овие програми Усје има за цел преку инвестирање во едукацијата на млади кадри да инвестира во иднината на нашата земја.

Сумирано, за периодот 1999 - 2009 година придонесот на Усје за општеството е прикажан во подолу дадената табела:



# 8. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

## 8.1. ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

***До Одборот на директори на Цементарница "УСЈЕ" АД - Скопје***

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Цементарница "УСЈЕ" АД - Скопје ("Друштвото") и консолидираните финансиски извештаи на Цементарница "УСЈЕ" АД - Скопје и неговите подружници (заедно "Групацијата"), коишто вклучуваат билансите на состојба на Друштвото и на Групацијата на 31 декември 2009 година и билансите на успех, извештаите за промените на капиталот и извештаите на паричните текови за годината што завршува на тој датум, и прегледот на значајните сметководствени политики и останатите објаснувачки белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за подготовување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со македонската сметководствена регулатива. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално значајни погрешни прикажувања, без оглед дали се резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршуваме ревизијата за да добиеме разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и  обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото, со цел да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не со цел да изрази мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветени за да обезбедат основа за нашето ревизорскомислење.

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи на Друштвото и консолидираните финансиски извештаи на Групацијата ја презентираат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото и Групацијата на 31 декември 2009 година како и резултатите од работењето и паричните текови на Друштвото и на Групацијата за годината што завршува на тој датум во согласност со македонската сметководствена регулатива.

Без да изразиме резерва во нашето мислење, Ви обрнуваме внимание на белешката 2.1 кон финансиските извештаи во која е дефинирана основата за подготовка на финансиските извештаи на Друштвото и Групацијата. Законската рамка за финансиско известување во Република Македонија е дефинирана во Законот за трговски друштва на Република Македонија, врз основа на кој компаниите треба да ги подготвуваат годишните финансиски извештаи. Во согласност со овој закон, финансиските извештаи треба да бидат подготвени во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), кои се ажурираат на годишна основа, со цел да се усогласат со тековните стандарди, како ревидирани, корегирани и прифатени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди и кои се официјално преведени на македонски јазик, одобрени од Министерството за финансии и објавени во Службен Весник. До датумот на кој овие финансиски извештаи беа одобрени за објавување од страна на раководството на Друштвото и Групацијата, Меѓународните стандарди за финансиско известување, не беа ниту ажурирани ниту пак соодветно преведени и објавени. Локалната пракса продолжува да се развива. Групацијата и Друштвото одбраа да ги објават своите финансиски извештаи во согласност со официјално преведените и објавените МСС и МСФИ на македонски јазик.

**Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО, Скопје**
**Скопје, 15 март 2010 година**

## 8.2. БИЛАНС НА УСПЕХ

**За годината што завршува на 31 декември 2009 година**

| | Забелешки | Консолидиран | | Друштво | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2009 МКД'000 | 2008 МКД'000 | 2009 МКД'000 | 2008 МКД'000 |
| Приходи од продажба | 3а | 4.517.800 | 4.648.559 | 4.401.272 | 4.625.088 |
| Останати приходи | 3б | 247.387 | 427.734 | 247.387 | 427.734 |
| Трошоци на продадени производи | 3в | (2.391.709) | (3.111.637) | (2.304.872) | (3.094.905) |
| Бруто добивка | | **2.373.478** | **1.964.656** | **2.343.787** | **1.957.917** |
| Останати оперативни приходи | 3г | 44.365 | 68.787 | 45.587 | 91.419 |
| Останати оперативни трошоци | 3д | (231.722) | (53.645) | (231.545) | (75.152) |
| Трошоци за продажба и маркетинг | 3ѓ | (50.162) | (40.160) | (50.87 | (38.898) |
| Административни трошоци | 3е | (151.024) | (257.857) | (149.444) | (255.952) |
| Отстранување на пепел Б | | (19.150) | (18.719) | (19.150) | (18.719) |
| Амортизација | 5 | (288.110) | (266.706) | (275.589) | (256.243) |
| Добивка од оперативни активности | | **1.677.675** | **1.396.356** | **1.662.775** | **1.404.372** |
| Нето (трошоци) / приходи од финансирање | 3ж | (12.038) | 25.414 | (10.504) | 25.300 |
| **Добивка пред оданочување** | | **1.665.637** | **1.421.770** | **1.652.271** | **1.429.672** |
| Данок на добивка | 4 | 116.881 | 140.509 | 115.552 | 140.509 |
| **Добивка за годината** | | **1.548.756** | **1.281.261** | **1.536.719** | **1.289.163** |

**Распределена на:**

| | | |
|---|---|---|
| Акционерски капитал на матичната компанија | 1.544.616 | 1.283.357 |
| Малцинско учество | 4.140 | (2.096) |
| | **1.548.756** | **1.281.261** |

## 8.3. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**за 31 декември 2009 година**

| | *Забелешки* | *Консолидиран* | | *Друштво* | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | *2009 МКД'000* | *2008 МКД'000* | *2009 МКД'000* | *2008 МКД'000* |
| **СРЕДСТВА** | | | | | |
| **Нетековни средства** | | | | | |
| Недвижности, постројки, опрема | 5 | 2.518.139 | 2.680.537 | 2.336.121 | 2.485.443 |
| Нематеријални вложувања | | 4.034 | 4.034 | - | - |
| Вложувања во недвижности | 6 | 35.796 | 5.284 | 35.796 | 5.284 |
| Вложувања во подружница | 7 | - | - | 157.921 | 157.765 |
| Средства за истражување и вреднување | | 16.010 | - | 16.010 | - |
| Одложени даночни побарувања | 8 | 6.928 | 6.928 | 6.928 | 6.928 |
| | | **2.580.907** | **2.696.783** | **2.552.776** | **2.655.420** |
| **Тековни средства** | | | | | |
| Залихи | 9 | 700.626 | 1.237.955 | 693.526 | 1.234.900 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 10 | 127.644 | 266.195 | 105.677 | 278.654 |
| Побарување за повеќе платен данок на добивка | | 10.546 | 64.027 | 10.406 | 63.456 |
| Пари и парични средства | 11 | 144.108 | 502.242 | 132.094 | 466.287 |
| | | **982.924** | **2.070.419** | **941.703** | **2.043.297** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **3.563.831** | **4.767.202** | **3.494.479** | **4.698.717** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | | | |
| **Капитал и резерви** | | | | | |
| Акционерски капитал | 12 | 1.747.730 | 1.747.730 | 1.747.730 | 1.747.730 |
| Останати резерви | 13 | 634.256 | 633.000 | 631.888 | 631.888 |
| Акумулирана добивка | | 751.990 | 1.466.776 | 750.838 | 1.473.521 |
| | | **3.133.976** | **3.847.506** | **3.130.456** | **3.853.139** |
| Малцинско учество | | 57.100 | 53.706 | - | - |
| **Вкупен капитал** | | **3.191.076** | **3.901.212** | **3.130.456** | **3.853.139** |
| **Нетековни обврски** | | | | | |
| Долгорочни резервации за отпремнини | 14 | 61.154 | 49.800 | 61.154 | 49.800 |
| Резервација за ревитализација на рудниците | 3з | 16.894 | 16.894 | 16.894 | 16.894 |
| Останати нетековни обврски | | 15.122 | - | 15.122 | - |
| | | **93.170** | **66.694** | **93.170** | **66.694** |
| **Тековни обврски** | | | | | |
| Обврски спрема добавувачите и останати обврски | 15 | 268.430 | 778.985 | 259.720 | 758.586 |
| Тековнен дел на долгорочни резервации за отпремнини | 14 | 10.705 | 2.584 | 10.705 | 2.584 |
| Обврска за данок на добивка | | 430 | 17.714 | 408 | 17.701 |
| Обврска за дивиденда | | 20 | 13 | 20 | 13 |
| | | **279.585** | **799.296** | **270.853** | **778.884** |
| **ВКУПЕН КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **3.563.831** | **4.767.202** | **3.494.479** | **4.698.717** |

## 8.4. ОЧЕКУВАЊА

Оваа година 2009 беше тешка година што се должи на глобалната финасиска криза што ги погоди домашната и регионалните економии и имаше директен одраз на градежните индустрии со кои работи Друштвото. Конкуренција беше зголемена, поради што Усје забележа значителен пад на домашната продажба за 13.5%.

Со цел да ги заштити интересите на своите акционери и да обезбеди нормални работни услови, Друштвото беше принудено да преземе мерки за ублажување на ефектите од економската криза преку отуѓување на некои активности, деинвестирање на погонот за Усјепор и реструктуирање на останатите активности на Друштвото. Повеќе од 9 месеци фабриката работеше само со една печка. Поради ликвидносни проблем, Друштвото беше принудено за прв пат да обезбеди два краткорочни кредити во текот на 2009, кои беа во целост вратени во текот на истата.

За жал очекувањата за 2010 се неповолни. Економската криза е сеуште присутна во земјата и во поширокиот регион, се предвидува конкуренцијата да остане висока, поради што и производството на Друштвото се предвидува да биде базирано на работата само на една печка и зависи од условите на домашниот и странскиот пазар. Капиталните вложувања и одржувањето се планираат да бидат минимални, додека натамошни намалувања на трошоците како и дополнителни мерки за оптимизирање ќе бидат преземени во зависност од околностите.

## 9. ОСТАНАТИ ОБЕЛОДЕНУВАЊА

Раководството на Усје е цврсто посветено да продолжи интеграцијата на новите правила и практики во работењето на Друштвото, кои промовираат транспарентност, одговорност, одржлив развој и корпоративна општествена одговорност во секој аспект и област на активност на Друштвото и целата нејзина мрежа на односи со акционерите, вработените, добавувачите, изведувачите и општеството. Согласно сето погоре наведено, Усје како дополнување ги обелоденува следниве информации:

1. Усје има два извршни членови на Одборот на директори - Главен извршен директор, и Извршен директор, и 5 неизвршни членови.

Извршниот директор не добива никакви примања врз основа на неговото членство во Одборот на директори. Тој е во редовен работен однос на позиција Менаџер на администрација и неговите примања се базираат на тоа. Никој од 5-те неизвршни членови немаат примања врз основа на нивното членство во Одборот на директори.

Главниот извршен директор не е во работен однос и неговите права се уредуваат со менаџерски договор. Неговите бруто годишни примања изнесуваат 27.600 ЕУР или 1.695.000 МКД.

2. Оваа година Усје ја продолжи својата традиционална политика на распределба на дивиденда. Во текот на 2009 беа исплатени 37 милиони ЕУР или 2.259 милиони МКД како вкупна дивиденда на акционерите на Компанијата; од акумулираната добивка заклучно со 2008 и авансна дивиденда за 2009.

3. Извори на средства на Друштвото се нејзиниот оперативен готовински прилив.

4. Усје нема големи зделки и зделки со заинтересирани страни. Трансакциите со поврзаните страни (подружниците) се од главната дејност на Друштвото, а тоа е продажба на производи.

5. Усје ги споделува вредностите на Титан Групацијата и доброволно се ангажира на полето на корпоративната општествена одговорност и нејзин континуиран развој. Оваа бизнис филозофија цврсто втемелена во корпоративната култура е прифатена од страна на сите вработени од 2004 година преку Вредностите на Титан Групацијата и Кодот на однесување.

Дека сите вработени и менаџери ги почитуваат кодовите, секое Друштво ги следи локално соодветните мерки, кои вклучуваат: вредностите и Кодот на однесување се преведени на македонски јазик, сите вработениги имаат добиено на писмено и потврдено дека ги примиле уште со самото вработување, истите се составен дел од воведниот програм кој мора да го поминат сите ново вработени во друштвото, тие се и воедно искомуницирани со изведувачите и добавувачите.

Препознавајќи ја потребата од понатамошно преточување на вредностите и Кодот на Однесување како жива материја рефлектирајќи ја нашата култура, планирано  е Кодот на однесување да биде ревидиран и ажуриран во периодот 2010-2011.

Раководството на УСЈЕ е одговорно Кодот на однесување да биде разбран и следен и се очекува сите вработени во целост да го почитуваат и да бидат во согласност со истиот. Со цел да се охрабри и да се овозможи персоналот да комуницира во врска со активностите на раководството кои можеби не се во согласност со нашите обврски и посветености, вклучувајќи ги и одредбите на Кодот на однесување мониторинг системите се под постојан развој со цел да овозможат ревидирање на придружувачките перформанси и да се обезбеди понатамошен развој.

Помеѓу другото што се наведува во Кодот на однесување на Титан е и “Подмитувањето и Корупцијата” кој се следи и оценува и од страна на Групацијата и Друштвото преку Транспарентно Меѓународниот Годишен Корупциско Запазувачки Индекс.

Нашиот Код на однесување јасно забранува давање и примање мито, ние сме потписници на Глобалниот договор и обврзани да се приклучиме на националните и останатите програми кои имаат за цел да се елиминира поткупот и корупцијата. Во продолжение, на Титан Код на однесување (web адресата) објавена во 2008 јасно е нагласена политиката на Друштвото спрема добавувачите и обврските исто така, јасно се нагласени и договорените обврски на добавувачите кон Усје вклучувајќи ја и обврската да се апстинира од било какви активности кои може да се претставaт како акт на поткуп, корупција и измама. Никакви проверени случаи на непочитување и нарушувања на нашата политика на поткупување не се пријавени во текот на 2009 година.

Во прилог на ова, во следните страници ги обелоденуваме политиките на Усје за Здравје и Безбедност, политика за Квалитет и политика за Животна средина.

Константинос Дердемезис
Претседател на Одбор на
Директори

# Анекси

1. Политика за Квалитет.
2. Политика за Здравје и Безбедност
3. Политика за Животна средина.
4. ЕЛОТ Сертификати